# **ЗАПИСНИК**
## **за извршен инспекциски надзор**

**Ип 1 бр. 57- 14**

Архивски знак: ______
Рок на чување: ______ год.
______ 20___ год.
Потпис,
______

**Датум: 18.2.2021 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | Здружение – Интернационален фестивал на забавни мелодии ЕВРОФЕСТ, Скопје |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта | |
| Телефон | |
| Матичем број на субјектот | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро-сметка на субјектот | |
| Банка депонент | Халк банка АД – Скопје |
| Одговорно лице на субјектот: | |

| Име и презиме: претседател на Здружението | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. **<u>ВОНРЕДЕН</u>** | 3. КОНТРОЛЕН |
|---|---|---|---|
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 15.2.2021 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11:00 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 17.2.2021 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15:00 ч. |

**проектот, спецификацијата за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, како и друга потребна документација.**

**Основ:** член 82 став (1) и член 68 од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), и член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019).

5) **Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) **За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| претседател на Здружението | | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, не беа присутни други лица

| Ред. бр. | Име и презиме | Својство |
|---|---|---|
| / | / | / |

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве **наоди за утврдената фактичка состојба:**

- Со **Решение на министерот за култура УП1 бр. 20-4481/2019 од 14.2.2020 г.**, донесено согласно со член 65 ставовите (1) и (3) од Законот за културата, проектот –


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

Тоше", е поместен на 23. октомври, во Крушево, со отварање на 24-то издание на Фестивалот на отворено пред платото на Црквата и на 24. октомври во Скопје, со одржување на финалната вечер во Домот на АРМ во Скопје. При тоа, се побарани средствата за транспортот-автобуски превоз, озвучување, сценографија, авторска агенција и за водителите, **со напомена дека во чест на Тоше, наместо 14 странски победници од европските фестивали, поради состојбата со КОВИД-19, ќе пеат победниците на македонските фестивали**, но при тоа во прилог, кон Барањето не е доставена потребната документација (пополнет образец со план, изјава, договори и друго).

Дополнително, до МК е доставено ново/второто БАРАЊЕ заведено под бр. 20-10930/1 од 21.10.2020 г., за исплата на првиот дел од одобрените средства, во прилог со пополнет **Образец за оперативен и финансиски план од 19.10.2020 г.**, со којшто се предвидени следниве трошоци **во вкупен износ од 397.800 денари (од кои 246.000 денари, по основ ва хонорарите и 120.000 денари за наградите)**, за исплата на:

-сценографија Скопје-90.000 денари (**забелешка**: приложен Договор за дело, склучен на ден 20.10.2020 г., со во нето износ од 90.000 ден., за компјутерска подготовка за видео бим и сценографија),

-озвучување-Скопје-40.000 денари (**забелешка**: приложен Договор за дело, склучен на ден 14.10.2020 г., со во нето износ од 40.000 ден., за тонски и аудио услуги),

-координатор на програмата-50.000 денари (**забелешка**: приложен Договор за дело, склучен на ден 7.10.2020 г., со во нето износ од 50.000 ден., директор на Фестивалот),

-сценарио-18.000 денари (**забелешка**: приложен Договор за дело, склучен на ден 19.10.2020 г., со во нето износ од 18.000 ден.)

-водител на програмата Скопје-18.000 денари (**забелешка**: приложен Договор за дело, склучен на ден 15.10.2020 г., со во нето износ од 18.000 ден.)


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Во член 3 став (4) од Договорот е предвидено дека целосното исплаќање на одобрените средства, МК ќе го изврши по реализацијата на проектот и по доставување извештај за потрошените средства за реализација на проектот.

- Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата** и член 5 од Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот (забелешка: според **член 3 став 1 од Договорот** заклучно со 20.11.2020 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини заклучно со 31.12.2020 г.), до МК да го достави **извештајот за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец - Финансиски извештај за реализација на проектот, достапен на веб-локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, од извршениот увид во документацијата добиена од Секторот за дејностите и уметноста на МК, утврдено е дека до МК 4 (четири) пати беа доставени **пополнети обрасци за наративен и финансиски извештај** заведени под дел. бр. 20-11848/1 од 24.11.2020 г., 20-12743/1 од 10.12.2020 г., 20-12374/1 од 4.12.2020 г. и 20-13210/1 од 17.12.2020 г., со различни ставки и износи за исплатени и неисплатени средства, со известување дека во доставените извештаи се направени големи пропусти, односно дека две сметки, кои не се платени се ставени погрешно, како да се платени.

Според изјавата на присутното лице, грешките при пополнувањето на обрасците за наративен и финансиски извештаи, се сторени поради незнаењето кои ставки, односно трошоци МК ќе ги прифати, особено во однос на новата ставка - Гран-при победници на македонските фестивали, поради неучество на странските изведувачи на 24-то издание на „Еврофест", како и поради фактот дека ова е втор пат да добиваат средства од МК (забелешка: МК првиот пат учествувало пред некоја година со 60.0000 денари, во финансирање на истиот проект), и немање искуство образецот соодветно да биде пополнет. Исто така, според изјавата на присутното лице поради горенаведените причини, одделни ставки и трошоци воопшто не беа предвидени со Оперативниот и финансиски план, така на пример хонорарите за ангажираните физички лица, беа предвидени во нето износ, а не во бруто износ. Исто така, според изјавата на присутното лице за 2020 г. фестивалот, освен од МК, нема добиено парични средства од други извори (донации,


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Според сметководствената документација и евиденцијата на МК, со **Решението бр. 20-5193/2 од 18.11.2020 г.** од Буџетот на РСМ, преку МК на жиро - сметката на Здружението – Интернационален фестивал на забавни мелодии ЕВРОФЕСТ, Скопје, за реализација на горенаведениот Проект, **авансно се преведени 200.000,00 денари**.

Трошењето на програмските средства во износ од **200.000,00 денари**, се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Ред. бр. | Доверител | Намена | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | сценографија | 90.000 (нето) 100.000 (бруто) **обврска** | Договор за дело, склучен на ден 20.10.2020 г., со во нето износ од 90.000 ден., за компјутерска подготовка за видео бим и сценографија), според Аконтативна пресметка од 29.10.2020 г., бруто износ од 100.000 денари |
| 2. | | озвучување (тонски и аудио услуги) | **44.444 (бруто)** | Платено на 26.11.2020 г., согласно со Договор за дело, склучен на ден 14.10.2020 г., со во нето износ од 40.000 ден. (според Банковен извод бр. 5 од 26.11.2020 г.) |
| 3. | | координатор на програмата | 50.000 (нето) 55.556 (бруто) **обврска** | Договор за дело, склучен на ден 7.10.2020 г., со К. Костадиновски, во нето износ од 50.000 ден., директор на Фестивалот, според Аконтативна пресметка од 29.10.2020 г., бруто износ од 55.556 денари |
| 4. | | Сценарио | **20.000 (бруто)** | Платено на 25.11.2020 г. согласно со Договор за дело, склучен на ден 19.10.2020 г., со во нето износ од 18.000 ден. (според |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | извод бр. 2 од 16.11.2020 г.) |
| | **Вкупно: 391.357 денари (одобрени 400.000 денари)** | **исплатени 231.801 денари*** | **обврска 155.556 денари (хонорари и персонален данок од доход) (*разликата над преведените средства од МК, намирена со сопствени средства)** |

**Забелешка**: со Оперативниот и финансиски план и извештајот наведена е и ставката за Гран-при победници на македонските фестивали, со обврска во износ од 60.000 денари, но оваа ставка **не е предвидена со Пријавата**, поднесена по Конкурсот. Имено, со Пријавата **УП 1 бр.** 20-4481 од 8.11.2019 г., планирани се две ставки: Гран-при за националниот конкурс за песна – 90.000 денари и за Гран-при за интернационалниот конкурс-120.000 денари, но не е планирана ставката за Гран-при победници на македонските фестивали. Во услови, кога на одржаниот Интернационален фестивал на забавни мелодии ЕВРОФЕСТ 2020 г., учествуваа само домашни изведувачи, а ниту еден странски изведувач, со Оперативниот и финансиски план не може да се предвиди, ниту ставка за наградите за Гран-при за интернационалниот конкурс, ниту истата, како во конкретниот случај, без претходна согласност од МК, да се замени со друга ставка и тоа повторно за домашните изведувачи.

Според извршениот увид во доставените извадоци и исечоци од весници, 24-то издание на Интернационалниот фестивал на забавни мелодии „Еврофест 2020 г.“, со авансно добиените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 200.000,00 денари, е одржан на 24. октомври во Скопје, но само со учество на македонски изведувачи и на еден ден, поради состојбата со КОВИД-19, а за што навремено било известено МК. Исто така, видно од доставените фотографии и исечоци од повеќе весници, утврдено е дека на соодветен начин е објавено учеството на МК во финансирање на Фестивалот согласно со обврската од Договорот. Според изјавата на присутното лице, поради состојбата со КОВИД-19 и обврската за почитување на безбедносните протоколи, на Фестивалот присуствуваа околу 200 гледачи, со бесплатен влез.

**Оттука, врз основа од увидот во горенаведените списи:**
**-Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот.**


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ~~ИМАШЕ~~/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на субјектот на надзорот:

- ____________________
- ____________________
- ____________________
- ____________________
- ____________________
- ____________________
- ____________________
- ____________________
- ____________________

| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | претседател на Здружението | Печат и потпис на инспекторот за култура: | главен инспектор за култура |
|---|---|---|---|
| Датум: 25.2.2021 | 18 .2.2021 г. | Датум: | 18.2.2021 г. |

ЕВРОФЕСТ СКОПЈЕ

| | |
|---|---|
| Назив на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | / |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | Останати општествени организации, фондации и здружение на граѓани (10.9-шифра) |
| Адреса на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | Бул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54-Скопје (службени простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК) |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура за м. февруари, **2021 г. бр. 57-13/2 од 3.2.2021 г.** (согласно со Барањето/иницијатива бр. 20-12146/1 **од 29.1.2021 г.**, поднесена од Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста на МК, поради неколку доставени обрасци за наративен и финансиски извештај, кои не беа во ред, иако корисникот неколку пати бил контактиран и по мејл и телефонски со цел да ги корегира финансиските извештаи, но безуспешно).

**Инспекцискиот надзор е извршен од:**

главен инспектор – раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор во МК. За почетокот на вршењето на надзорот, со Допис Ип. 1 бр. 57-101/2020 од 5.1.2021 г. е известен субјектот на надзорот во согласност со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на РСМ" 102/19).

4) **Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

**Предмет**: инспекцискиот надзор е извршен од аспект на примена на **член 68 од Законот за културата**, односно надзор над наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од **200.000,00 денари (од вкупно одобрените 400.000,00 денари)**, за финансирање на проектот - **„Еврофест 2020 г."**, согласно со Договорот бр. 20-5193/1 од 28.4.2020 г., за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на музичка и сценско - уметничка дејност за 2020 г., како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон и член 5 од Договорот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен **извештај за реализација на проектот, кој содржи наративен приказ за реализација на**

Интернационален фестивал на забавни мелодии „Еврофест 2020 г.“, содржан во **Пријавата УП 1 бр. 20-4481 од 8.11.2019 г.**, поднесена од Здружението – Интернационален фестивал на забавни мелодии ЕВРОФЕСТ - Скопје, по годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес во културата за 2020 г. по дејности и области во категорија културно уметнички манифестации и фестивали, е избран како проект од национален интерес во културата за 2020 г. и за финансирање на проектот се доделени/одобрени средства во вкупен износ од **400.000,00 денари.**

Во прилог, кон Пријавата УП 1 бр. 20-4481 од 8.11.2019 г., со којашто од МК се побарани вкупно 750.000,00 денари (за **сценографија Крушево и Скопје-50.000 и 90.000 денари, озвучување-Крушево и Скопје -80.000 денари, режисер на програмата-50.000 денари, хотел за 26 пеачи-гости од странство-130.000 денари, исхрана-24.000 денари, координатор на програмата-50.000 денари, сценарио-18.000 денари, водители на програмата Крушево и Скопје- вк. 36.000 денари, хонорар за две нови песни за Тоше - 96.000 денари, хонорар за странските менаџери-55.000 денари, награди-дипломи, благодарници, пехари-20.000 денари, фестивалски постери-20.000 денари, Гран-при за националниот конкурс за песна – 90.000 денари, Гран-при за интернационалниот конкурс-120.000 денари, патни трошоци за некои пеачи-50.000 денари, ЗАМП-18.000 денари, материјални трошоци-15.000 денари, фестивалско ЦД – 50.000 денари, помагатели на фестивалот-30.000 денари, непредвидливи трошоци-15.000 денари и коктел-8.000 денари**).

Во однос на датумот и времетраење на Фестивалот, во Пријавата наведени се градовите Крушево и Скопје, а како периодот, 27.09.2020 до 28.09.2020 година.

-Согласно со член 2 став (2) од Договорот, според којшто, меѓудругото е предвидено преведувањето на финансиските средства од страна на МК да се врши во согласност со доставено писмено барање од страна на корисникот за исплата на средства, изјава за наменско користење на средствата и соодветни договори (авторски и изведувачки), како и **оперативниот и финансиски план за реализација на проектот, односно за користење буџетски средства** пополнет на образецот објавен на веб-страната на МК, корисникот најпрво на 28.9.2020 г. до МК има доставено БАРАЊЕ заведено под бр. 20-9736/1 од истиот датум, за исплата на „првата фаза“ од одобрените средства, со напомена дека поради состојбата со КОВИД-19, терминиот на Фестивалот, под мотото „Чествување за незаборав на


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

-награди-пехари-20.000 денари (**забелешка**: приложена Про-фактура бр. 117 од 19.10.2020 г., издадена од ДТУ МТ Промет-1 ДООЕЛ, Струмица, на износ од 20.000,00 денари, за набавка на три различни вида пехари - вкупно: 25),

-Гран-при национален конкурс - 60.00 денари (забелешка: приложен бланко договор за гран-при-национален конкурс, со забелешка дека добитникот ќе се знае на 24.октомври, по одржување на Фестивалот).

-Гран-при победници на македонските фестивали-60.000 денари (**забелешка: оваа ставка не е предвидена со Пријавата** УП 1 бр. **20-4481 од 8.11.2019 г.,** приложен бланко договор, со забелешка дека добитникот ќе се знае на 24.октомври, по одржување на Фестивалот)

-помагатели на фестивалот-30.000 денари (забелешка: приложени авторски договори, склучени на 17.10.2020 г. со [redacted] и [redacted] помошник, поединечно во нето износ од 15.000 денари)

-непредвидливи трошоци-сала на Дом на АРМ-11.800 денари (**забелешка**: приложена Ф-ра бр. 7/20, заведена под бр. 05-19/1171 од 16.10.2020 г., издадена од Министерството за одбрана, Сектор за услуги, туризам, возен парк, одржување и обезбедување, на износ од 11.800 денари, за изнајмување на концертната сала во Домот на културата, Скопје, на ден 24.10.2020 г.).

Кон БАРАЊЕТО и Оперативниот и финансиски план, на увид се доставени и пополнета Изјава за наменско користење на средства. Во **Оперативниот и финансиски план, е наведено дека Фестивалот, ќе се одржи само на 24.10.2020 г., во Домот на АРМ во Скопје, со учество само на победниците од фестивалите од националниот конкурс, без свеченото отварање предвидено во Крушево поради состојбата со КОРОНА.**

- Дополнително, повторно до МК е доставено БАРАЊЕТО заведено под бр. 20-11153/1 од 28.10.2020 г., за исплата на првиот дел од одобрените средства, во прилог со истиот **Образец за оперативен и финансиски план од 19.10.2020 г.**, со трошоци **во вкупен износ од 397.800 денари.**

спонзорства), но Фестивалот сепак е одржан за да не се прекине традицијата на чествување за незаборав на Тоше.

Во прилог, кон извештаите се доставени:

-Аконтативна пресметка од 29.10.2020 г., за (за бруто износ од 44.444 ден., нето износ од 40.000 ден.), и (за бруто износ од 66.667 ден. нето износ од 60.000 ден.), Рекапитуалар за утврдување на аконтација на данок на доход УЈП-УН-3.2.-81/1 од 29.10.2020 г., издаден од Управата за јавни приходи-Скопје, уплатница од 26.11.2020 г., за платен износ од 111.111. денари,

-Аконтативна пресметка од 29.10.2020 г., за (за бруто износ од 16.667 ден., нето износ од 15.000 ден.), (за бруто износ од 16.667 ден., нето износ од 15.000 ден.), (за бруто износ од 20.000 ден., нето износ од 18.000 ден.), и (за бруто износ од 20.000 ден., нето износ од 18.000 ден.), Рекапитуалар за утврдување на аконтација на данок на доход УЈП-УН-3.2.-81/1 од 29.10.2020 г., издаден од Управата за јавни приходи-Скопје, уплатница од 25.11.2020 г., за платен износ од 73.334 денари,

- Аконтативна пресметка од 2.12.2020 г., за (за бруто износ од 15.556 ден., нето износ од 14.000 ден.), Рекапитуалар за утврдување на аконтација на данок на доход УЈП-УН-3.2.-81/1 од 2.12.2020 г., издаден од Управата за јавни приходи-Скопје и бланко уплатница, на износ од 15.556 денари,

-Про-фактура бр. 117 од 19.10.2020 г., издадена од ДТУ МТ ПРОМЕТ-1 ДООЕЛ-Струмица, за набавка на пехари, како и исечоци од весници и фотографии, вклучително и Леток за „ЕВРОФЕСТ-2020 – Чествување за незаборав на Тоше", со учество на пеачи – победниците на македонските фестивали и пеачите од националниот конкурс .

**Користење на средствата, од Буџетот на РСМ, преку МК**

-Од Буџетот на Р. Северна Македонија преку МК согласно со Договорот **бр. 20-5193/1 од 28.4.2020 г.**, за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на музичка и сценско - уметничка дејност за 2020 г., одобрени се средствата во вкупен износ од 400.000,00 денари, за финансирање на Проектот „Еврофест 2020 г.".

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | Банковен извод бр. 4 од 25.11.2020 г.) |
| 5. | | водител на програмата | **20.000 (бруто)** | Платено на 25.11.2020 г. согласно со Договор за дело, склучен на ден 15.10.2020 г., со во нето износ од 18.000 ден. (според Банковен извод бр. 4 од 25.11.2020 г.) |
| 6. | ДТУ МТ Промет-1 ДООЕЛ, Струмица | награди- три различни вида пехари вкупно: 25 | 20.000 | Платено по Про-фактура бр. 117 од 19.10.2020 г., Испратница-фактура бр. 125 од 16.2.2021 г. и Сметко-потврда од 20.10.2020 г. издадена од ДТУ МТ Промет-1 ДООЕЛ, Струмица |
| 7. | | -Гран-при национален конкурс - | **66.667 (бруто)** | Платено по Одлука од 26.10.2020 г., на Советот на Фестивалот, за наградата „Гран-при“ со песната „Нека љубовта е вечна“ (според Банковен извод бр. 5 од 26.11.2020 г.) |
| 8. | и | помагатели на фестивалот | 16.667<br>16.667<br>**Вк. 33.334 (бруто)** | Платено согласно со договорите, склучени на 17.10.2020 г. со и помошник, поединечно во нето износ од 15.000 денари (според Банковен извод бр. 4 од 25.11.2020 г.) |
| 9. | | помагател на фестивалот | **15.556 (бруто)** | Платено по Договор за дело, склучен на 2.10.2020 г., во нето износ од 14.000 денари (според Банковен извод бр. 7 од 10.12.2020 г.) |
| 10. | Министерството за одбрана, Сектор за услуги, туризам, возен парк, одржување и обезбедување | сала на Дом на АРМ | 11.800 | Платено по Ф-ра бр. 7/20, заведена под бр. 05-19/1171 од 16.10.2020 г., издадена од Министерството за одбрана, за изнајмување на концертната сала во Домот на АРМ, на 24.10.2020 г. (според Банковен |

Не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, односно авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК, во износ од 200.000,00 денари, Здружението - Интернационален фестивал на забавни мелодии ЕВРОФЕСТ, Скопје, ги потрошило наменски за реализација на проектот – 24-то издание на Интернационален фестивал на забавни мелодии ЕВРОФЕСТ 2020 г., со вкупно потрошени средства, во вкупен износ од 231.801,00 денари (забелешка: разликата над авансно преведените средства од МК, намирена со сопствени средства), и преостанаата ненамирена обврска во износ од 155.556,00 денари (за хонорари и персонален данок од доход за две физички лица), односно се вкупно 391.357 денари (од одобрените 400.000,00 денари).

Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 од Договорот бр. 20-5193/1 од 28.4.2020 г., за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на музичка и сценско - уметничка дејност за 2020 г. склучен со МК, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот (забелешка: според **член** 3 став 1 од Договорот заклучно со 20.11.2020 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини заклучно со 31.12.2020 г.), до МК да го достави **извештајот за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец - Финансиски извештај за реализација на проектот, достапен на веб-локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, а за што е утврдено дека во предвидениот рок до МК 4 (четири) пати беа доставени **пополнети обрасци за наративен и финансиски извештаи** заведени под дел. бр. 20-11848/1 од 24.11.2020 г., 20-12743/1 од 10.12.2020 г., 20-12374/1 од 4.12.2020 г. и 20-13210/1 од 17.12.2020 г., но со различни ставки и износи за исплатени и неисплатени средства, **имајќи го предвид начелото на превенција утврдено во Законот за инспекциски наздор, од страна на инспекторот се укажува на одговорното лице во иднина доследно да ја почитува одредбата од членот 68 став (3) од Законот за културата.**

**Поради тоа што не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот од аспект на примена на член 68 од Законот за културата, од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk